# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР И РЕ-ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во насловно звање, објавен во дневниот весник Слободен печат на ден 26.12.2017 година, за избор и ре-избор на наставник во насловно звање професор на Висока стручна школа, за наставниот предмет Стратегиски менаџмент и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, дел. бр. 0205-10/3 донесена на 30.01.2017 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: вон. проф. д-р Лидија Стефановска, вонреден професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, вон. проф. д-р Кристина Крстеска, вонреден професор БАС Институт за менаџмент Битола и проф. д-р Цветко Смилевски, професор во пензија.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор и ре-избор на наставници во насловно звање за наставниот предмет Стратегиски менаџмент, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: д-р Менде Солунчевски.

## Д-р Менде Солунчевски

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот *д-р Менде Солунчевски* е роден на 01. 12. 1963 во с. Вирово, општина Демир Хисар, Република Македонија. Средно образование - гимназија завршил во СУ „Крсте П. Мисирков“ во Демир Хисар, а дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје во 1988 година на ННСГ-ОНО при Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Магистрирал на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје во 2001 година при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“. Докторирал на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања на ден 10.04 2008 година на тема ,,Обезбеденост и развој на човечките ресурси за ефективно и ефикасно функционирање на системот за заштита и спасување,, при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ и се здобил со звање Доктор по менаџмент.

Автор е на голем број научни и стручни трудови од областа на менаџментот, одбраната и заштитата во списанија и зборници во Републиката и во странство. Учесник е на голем број меѓународни семинари, конференции и симпозиуми.

Активен член е на повеќе невладини организации и здруженија на граѓани меѓу кои: Црвен крст на РМ, Организација на резервни офицери на РМ, Македонско научно друштво - Битола, ДЛКН „ Висарион“ Демир Хисар, ЛК „Изгрев“ Демир Хисар и др.

Кандидатот се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

Моментално работи во Министерството за одбрана како советник.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот негов избор, па се до денот на неговата Пријава по објавениот Конкурс, а сето тоа врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно - образовната дејност во септември 2013 година е избран во вонреден професор на Меѓународниот славјански универзитет-Факултетот за економија и организација на претприемништво во наставната област Менаџмент.

Во периодот од 2013 година заклучно со 2017 година предава на Бизнис академијата Смилевски, Скопје и Битола , потоа на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" - Свети Николе-Битола, како и на Воената академија - Скопје.

Кандидатот  бил ментор на 3 магистерски трудови, 3 специјалистички трудови, и 34 дипломски работи.

Кандидатот како член на комисии учествувал во повеќе: магистерски, специјалистички трудови и дипломски работи. Кандидатот учествувал во повеќе рецензентски комисии за избор на професори во ННЗ доцент и вонреден професор.

Кандидатот бил рецензент на повеќе книги меѓу кои: „Основи на стратегиски менаџмент" од доцент д-р Лидија Стефановска, 2014, „Состојбата со оспособувањето на граѓаните и силите за заштита и спасување на РМ" од државниот советник во Министерството за одбрана, м-р Киро Атанасов и др.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Во периодот од 2013 година заклучно до 2017 година кандидатот има објавено 3 книги и голем број на научни и стручни трудови. Меѓу кои:

**Книги**

*Развојот на системот за одбрана и заштита на општина Демир Хисар во дваесеттиот век*, (Монографија-322стр)  ОРОРМ, Демир Хисар, 2013;

*Учеството на демирхисарските воени старешини и војници во војната во Република Македонија  во 2001 година*, (Монографија-376 стр)  ОРОРМ, Демир Хисар, 2015

Стефановска Л,  Солунчевски, М., *Стратегиски менаџмент*, БАС,  2015, (Учебник, 331).

**Научни трудови**

- Солунчевски,М., и Петревски Т., Организациска поставеност на пожарникарството во системот за заштита и спасување на Република Македонија, МСУ-ФБИ, Битола, октомври 2013;

- Солунчевски,М., и Ѓорески И., Развој на човечките ресурси во пожарникарството во Република Македонија, МСУ-ФБИ, Битола, октомври, 2013;
- Петревски Т., Солунчевски,М., Глобалното затоплување како транснационална безбедносна закана, МСУ-ФБИ, Битола, октомври, 2013;
- Солунчевски, М., Стефановска Л., Анализа на капацитетот на организацијата како основа за креирање на организациската стратегија, БАС, Битола ноември, 2013;
- Солунчевски, М., Стефановска Л, Обезбедување на човечките ресурси преку програмата за самовработување во Пелагонискиот регион,МСУ-ЕФ,Св. Николе, април 2014;
- Солунчевски, М., Смилевски С., Примената на основните функции на менаџментот од страна на командирите на малите тактички единици во воената организација при менаџирање со човечки ресурси, МСУ-ЕФ,Св. Николе,април 2014;
- Solunchevski M., Education officers and noncommissioned officers in the army of republic of macedonia in function defensive sovereignty and integrity of the Republic of Macedonia, Ticher, PF, Bitola, 2014;
- Solunchevski M., Effective training for employment agency in the office of the development of small business in Macedonia, ISC,Ohrid, june, 2014;
- Солунчевски М., Пороski К., Обучение местного подразделения пожарной иметь дело с пожаром в присутствии неразорвавшихся боеприпасов в пелагонийский области, MSU-FBI,Бitola,oktober,2014;
- Stefanovska l Solunchevski M., Strategic planning by managing strategic issues and weak signals in the environment, Serbija, Bor, june,2014;
- Stefanovska l., Solunchevski M., Strategic planning by managing issues and weak signals in the environment, Acta Oekonomica, Universitatis Selyie vedecky recenzovany casopis, 3 rocnik, 1cislo, Komarno, 2014, pp.193.;
- Солунчевски М , Стефановска Л., Креирање на стратегија на диференцијација како услов за остварување на конкурентска предност на македонските фирми на глобалниот пазар, БАС, Битола, октомври, 2014;
- Стефановска Л., Солунчевски М., Креирање на систем за следење на окружувањето како солидна основа за предвидување на иднината и конкурентска предност на МСП на пазарот, БАС, Битола, октомври, 2014;
- Stefanovska l., Solunchevski M, Stefanovski S., Strategic planning as the initiator of organizational changes, DUT Tetove, january, (Economic Vision) ISJEFBMMT,1/2014 pp203-209. *(Journal)*;
- Солунчевски М., Солунчевска И., Улогата на образовните институции во развојот на интеркултурни компетенции како заначаен фактор за равој на конкуренцијата, (симпозиум) БАС,Скопје, април 2015;
- Solunchevski M, Stefanovska l., Innovative changes in the organization spurred by consumer in function of competitiveness, MSU-EF, St.Nikole, april, 2015;

- Солунчевски М., Котевска-Димовска М., Современи пристапи во селекцијата на човечките ресурси, МСУ-ЕФ, Св.Николе, април 2015;
- Stefanovska l., Solunchevski M, Challenges and problems in the process of strategic planning in micro, small and medium enterprises, 11 IMConference, Bor, Serbija, pp. 240-248;
- Stefanovska l., Solunchevski M, Creating competitive organizational strategy using the funnel method, Serbian Journal of Management, 10, 2015, pp 2 -11*(Journal)*;
- Solunchevski M, Stefanovska l., Management of factors of strategic implementacion, LIMEN, Beograd, 2015 (37);
- Solunchevski M., Dimovska-Kotevska, M., Modern approach in providing human resources in Army of Republic of Macedonia, ISPPI, Skopje, 2015;
- Dimovska-Kotevska, M., Solunchevski M., Influence of personality characteristics on contemporary approaches in management of HR, ISPPI, Skopje, 2015;
- Solunchevski M., Stefanovska l., Dimovska-Kotevska, M., New approach in the development of administrative servants as a service to the citizens of the Republic of Macedonia, 7 MK-dijalog Istok-Zapad, MSU-EF, St.Nikole, april,2016;
- Котевска Димовска, М., Талевски, N., Солунчевски, М., Современи психолошки пристапи во заштита и унапредување на менталното здравје, 7 MK-dijalog Istok-Zapad, MSU-EF, St.Nikole, april, 2016;
- Стефановска Л., Солунчевски М., Солунчевска И., Потреба од системски пристап во скенирањето како прв сигнал во анализа на окружувањето**,** БАС, Битола, ноември, 2016;
- Solunchevski M, Petreski T., Cikarski,T., Effective training and equipment brigade fire protection to dealing efficiently with fires in urban areas in macedonia, Международный научно-исследовательский журнал, Екатеринбург, Россия, 2015 ISSN 2227-6017 ПИ № ФС 77 – 51217 (TRUD SO IMPAKT FAKTOR);
- Solunchevski,M., Dimovska-Kotevska, M., Modern management of human resources for effective and efficient functioning of the army of the republic of Macedonia Международный научно-исследовательский журнал, Екатеринбург, Россия, 2015, ISSN 2303-9868 Print, ISSN 2227-6017 Online, DOI:10.18454/ IRJ.2015.42.225, стр 90-96 (TRUD SO IMPAKT FAKTOR)

**Стручни трудови**

- Солунчевски М., Солунчевска И., Претприемништвото и самовработувањето една од мерките за намалување на невработеноста во општина Демир Хисар, БАС,Скопје (симпозиум), април 2014;
- Солунчевски М., Солунчевска И., Улогата на образовните институции во развојот на интеркултурни компетенции како заначаен фактор за равој на конкуренцијата, БАС,Скопје (симпозиум, април 2015;
- Цивилната заштита во Белгија, Штит, Министерство за одбрана, бр. 56/2014;
- Цивилната заштита во Хрватска, Штит, Министерство за одбрана, бр. 57/2014;
- Цивилната заштита во Србија, Штит, Министерство за одбрана, бр. 58/2014;
- Цивилната заштита во Бугарија, Штит, Министерство за одбрана, бр. 60/2014;

- Цивилната заштита  во Албанија, Штит, Министерство за одбрана, бр. 61/2014;
- Цивилната заштита  во Грција, Штит, Министерство за одбрана, бр. 62/2014;
- Цивилната заштита   , Системот за вонредни состојби на Руската Федерација, Штит, Министерство за одбрана, бр. 84/2016;
- Неопходна и итна потреба од оспособување  на населението за самозаштита во функција на намалување на човечките загуби од природни непогоди и други несреќи во Република Македонија,  Штит, Министерство за одбрана, бр. 83/2016;
- Ефективност и ефикасност на системите за управување со кризи и заштита и спасување  во справување со поплавите во Република Македонија  во февруари 2015 година, Штит, Министерство за одбрана, бр. 85/2016;
- Заштита и спасување во Организација на Обединети нации, Министерство за одбрана, бр. 95/2017;
- Борбени активности на партизанскиот одред дамјан груев во демирхисар и демирхисарско во НОВ, Офицер бр.12,  Скопје, 2014;
- Борбените активности на демирхисарските резервни воени обврзници во операцијата „МХ“ во 2001 година,  ОРОРМ, Офицер бр.14,  Скопје, 2015;
- Големиот бој во Илинденското востание, ОРОРМ, Офицер бр.16,  Скопје, 2016;
- Меѓународни активности за намалување на ризиците од природни непогоди и други несреќи-Меѓународна стратегија за намалување на ризиците од катастрофи,, ОРОРМ, Офицер бр.18,  Скопје, 2017;
- Меѓународни активности за намалување на ризиците од природни непогоди и други несреќи-Платформи за намалување на ризиците од катастрофи,, ОРОРМ, Офицер бр.19,  Скопје, 2017;

Во однос на научно-истражувачката дејност има учествувано на научните конференции на МСУ во организациски одбор.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Менде Солунчевски во однос на стручно апликативната дејност ги има преземено следните активности:

- член на експертскиот тим за изработка на Методологијата за рангирање на вискообразовните институции;
- член во експертскиот тим за Меѓународно хуманитарно право при Министерсвото за одбрана;
- дисеминатор за Меѓународно хуманитарно право при Црвениот крст и др.

Кандидатот бил член на повеќе комисии на БАС, МСУ, ВА, МО и НвО: рецензентски, комисии за избор во наставно/насловно звање, комисии за меѓуресорска соработка, други комисии.

Добитник е на поголем број: сертификати, благодарници, признанија и пофалници за учество на конференции, симпозиуми, обуки, манифестации и настани.

**<u>Оценка од евалвација</u>**

Кандидатот д-р Менде Солунчевски за својата досегашна изведба на наставата и неговиот квалитет, секогаш добивал позитивни оценки од страна на студентите кои ја следеле неговата настава по предметот Стратегиски менаџмент на Бизнис академија Смилевски – БАС.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот д-р Менде Солунчевски.

Врз основа на предвидените услови за избор и ре-избор во насловно звање професор на висока стручна школа, кандидатот д-р Менде Солунчевски ги има исполнето основните и дополнителните критериуми за ре-избор предвидени според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор и ре-избор во наставни, насловни и соработнички звања Бизнис Академијата Смилевски БАС Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот Комисијата заклучи дека д-р Менде Солунчевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, насловни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС и ги исполнува сите услови да биде избран, односно ре-избран за наставниот предмет Стратегиски менаџмент.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС, д-р Менде Солунчевски да биде ре-избран во насловно звање Професор на висока стручна школа за наставниот предмет Стратегиски менаџмент.

Скопје, февруари, 2018

**Рецензентска комисија:**

Вонр. проф. д-р Лидија Стефановска;

Вонр. проф. д-р Кристина Крстеска;

Проф. д-р Цветко Смилевски;